# <u>ОГЛАС</u>

Обезбедено **приватно здравствено осигурување** и **напредок во кариерата** согласно личните постигнувања, исплата на **максимален износ на регрес** за годишен одмор, обезбедена **стабилна и сигурна работа** со почитување на сите законски одредби.

Ова се само дел од поволностите кои ги нудиме.

Нашата компанија, Макстил АД Скопје (www.makstil.com) е дел до глобална групација, со долгогодишна традиција и репутација на светскиот пазар во металопреработувачката индустрија. Ова ни овозможува да нудиме најдобри услови за работа на нашите вработени.

Во моментов, во рамки на нашиот тим за Одржување, отворено е следново работно место:

## <u>РАКУВАЧ СО МАШИНО-АЛАТ</u>

**<u>Опис на работно место:</u>**

- Работење со машиноалатка-струг, машиноалатка-борвер, рендисалка, брусалка, дупчалка за изработка на делови;
- Обработува со најсложени машински делови и алат;
- Врши изработка на сите видови навојни вретена, осовини и делови по цртеж;
- Работи со конструктивен челик, лиено железо, челичен лив, обоени метали и пластика;
- Грижа за исправноста на опремата и нејзина коректна работа во процесот на работа, како и правилно ракување со алатот

**<u>Работни услови:</u>** Работа во една смена.

**<u>Потребни квалификации</u>:**

- III или IV степен на стручна подготовка, машинска струка;
- Со и без работно искуство;
- Способност и желба за тимска работа;
- Флексибилност, адаптибилност и способност за работа во динамично опкружување;
- Самоиницијативност и посветеност.

Доколку сакате да станете дел од нашиот тим и имате искрена желба за учење на нови работи, испратете ја вашата кратка биографија по електронски пат на **kariera@makstil.com.mk**, со назнака за работното место за кое аплицирате, најдоцна до **29.09.2023 година**.

Макстил АД Скопје обезбедува еднакви можности за вработување на сите кандидати и води посебна грижа за заштитата на лични податоци и за доверливоста на Вашата апликација.

Согласно Законот за заштита на лични податоци вашата апликација и податоците ќе се користат исклучиво за потребите за вработување за работното место Ракувач со машино-алат и ќе бидат избришани од нашата дата база во рок од 5 дена по склучување на договор за вработување со избраниот кандидат.